# СОДРЖИНА


*РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

- ***Регрес за годишен одмор**.........................................................................5*

*НАДОМЕСТОЦИ И ПЛАТИ*

- ***Одвоен живот и теренски додаток**......................................................16*

*ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

- ***Финансиска поддршка за издавање на ваучери на млади за обуки за дигитални вештини, заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, за време на вонредна состојба**.....................…………………………………………….................................32*

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- ***Намалување на основната главнина на Друштвото (ДОО, ДООЕЛ и АД) според Законот за трговски друштва**....................................................40*

*СМЕТКОВОДСТВО*

- ***Работни податоци и информации за период Јануари-Јуни 2020 година**...................................................................................................53*

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Коефициент на МДБ за Јуни 2020 година**..............................................68*
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Јуни 2020 година**...........................................................69*
- ***Плати за месец Јуни 2020 година**...............................................................................................71*
- ***Рокови**............................................…......................................................90*
- ***Казнена законска камата**...........................................................................93*
- ***Курсни листи** .................................................................................................95*

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ** .........................................................................102*

# РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

*Регресот за годишен одмор, К-15, задолжително се исплатува до 31.12.2020, а субјектите кои имаат финансиски потешкотии, можат да исплатат под минималниот пропишан износ, по претходно исполнување на условите и спроведена постапка, согласно Колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството.*

### *ВОВЕД*

Обврската за пресметување и плаќање на регресот за годишниот одмор или К-15, се однесува и за 2020 година, за правните лица од приватниот сектор, кои се обврзани да пресметуваат и исплатуваат надоместок за годишен одмор.

Специфичностите манифестирани во текот на месец март 2020 година, појавата на COVID 19 во Македонија и потребата од интервентна регулатива, сепак вршат одредено влијание врз остварување на обврските од работните односи.

Согласно одредбите од член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), регресот за користење годишен одмор, се утврдува како право на надомест на трошоците поврзани со работата.

Исплатата на надоместокот, се врши за вработените кои ги исполнуваат пропишаните услови, за стекнување со правото на регресот за годишен одмор за 2020 година.

ОКДПСОС предвидува одредени олеснувања кај исплатата на К-15, при постоење отежнати околности во работењето.

## *1. ДАЛИ К-15 Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗА ИСПЛАТА*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПСОС, исплатата на регресот за годишен одмор за 2020 година е задолжителна за вработените кај приватниот сектор од областа на стопанството, од најмалку минимално пропишан износ, освен при постоење на финансиски потешкотии во работењето.

Отпочнувајки од 2014 година, со одредбите од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, (ОКДПСОС), се утврди и минимален износ на регрес за годишен одмор, што не беше регулирано во претходниот период (заклучно со 31.12.2013 година). Од 2016 година, минималниот износ доби условно флексибилен карактер, кој се задржа и при исплатата на К-15 за 2020 година.

Карактеристика за работењето во 2020 година претставува попречувањето на редовното обавување на деловна активност, предизвикано од COVID 19. Поради наведените причини, одредени компании се соочија со потешкоти во своето работење, кои предизвика нарушување на финансиските текови, а со тоа и финансиски слабости во извршувањето на нивните обврски.

Покрај непогодностите, кои сеуште се присутни кај повеќето деловни субјекти, обврската која е пропишана со одредбите од ОКДПСОС за исплата на К-15, не подлегна на измени и суштински нуди задоволително решение за правните субјекти.

### *1.1. Историјат при исплата на регрес (К-15 до 2014 година)*

Пред воведувањето на задолжителната обврска за исплата на К-15, исплатата беше доброволна и условена од гранската припадност на деловниот субјект.

Висината на регресот за годишен одмор (заклучно со 31.12.2013 година), се определуваше врз основа на одредбите од гранските колективни договори, но исплатата зависеше од волјата на работодавачот, како и од економско-финансиската состојба на правниот субјект.

Условите се променија по извршените измени во ОКДПСОС - Спогодбата за продолжување на траењето на колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ, (“Службен весник на РМ” 189/2013) за 2014 година, при што се напушти определувањето на висината за исплата, спрема гранскиот принцип, се пропиша задолжителната исплата и се определи минималната основица.

### *1.2. К-15 во период од 2015 до 2019 година*

Согласно одредбите до член 35 алинеа 8 од Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ“ 189/13), која стапи на сила на 01.01.2014 година, се утврди обврската на работодавачот за пресметка и исплата на регрес за користење годишен одмор, во висина ***од најмалку 40% од основицата***.

Покрај тоа што со одредбата се определи најнискиот износ за исплата на регресот (40% од основицата - просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци, врз основа на објава од страна на Државниот завод за статистика на крајот на секој месец), се пропиша и задолжителната исплата, доколку вработениот ги исполнува условите, за да се стекне со К-15.

## *2. К-15 ВО 2020 ГОДИНА*

Врз основа на измените на Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ“ 119/15), која стапи на сила на 14.07.2015 година, се пропиша флексибилна основица за К-15, за 2015 година, која се применуваше и во претходната 2019 година и остана да важи и при исплатата на К-15 за 2020 година.

Притоа со ОКДПСОС се изврши класифицирање за цели на К-15, помеѓу субјекти кои **немаат** потешкотии во работењето и субјекти со потешкотии во работењето.

Класификацијата “субјекти кои **немаат** и субјекти со потешкотии во работењето” за претходните години, се темелеше врз параметрите, кои како финансиски показатели се оствариле со работењето во претходната година.

Во 2020 година, класификацијата не ги зема во предвид само финансиските показатели од претходната, туку и состојбата во тековната година, заради рестрикциите при работењето, предизвикани од спроведување на мерките за заштита од COVID-19.

### *2.1. К-15 кај субјекти без потешкотии во работењето*

Раздвојување на два вида субјекти, со и без потешкотии во работењето, е извршено по барање на работодавачите.

Согласно категоризацијата разликуваме субјекти кои не се со задоволителна финансиска кондиција и субјекти кои не манифестирале потешкотии во работењето, иако условите не се прецизно определени, за да може да се направи јасна грани-ца за наведениот критериум.

Согласно одредбите од член 35 став 1 алинеја 7, висината на регресот за годишен одмор за вработените во приватниот сектор од областа на стопанството во РМ, се определува на износ од најмалку **40%** од **основицата**.

**Основицата** за пресметување на надоместоците на работниците, преставува **просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија**, исплатена во последните три месеци.

Просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци (февруари – март - април 2020), податок кој се користи како основица за исплата на регрес за годишен одмор, почнувајќи од 01 јули 2020, **изнесува 26.490,00 денари, која се применува до следна објава на нов податок (за јули од 22.07. – новиот податок изнесува 26.217,00)**.

Пропишаниот **минимален** износ на К-15 за јули 2020 година изнесува 40% од **26.490,00**, односно **10.596,00 денари,** за субјектите кои немаат потешкотии во работењето за исплата до 21.07.2020 година (до денот на новата објава на основицата).

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач, **може** да се утврди регрес за годишен одмор **во поголем износ** од износот утврден со колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ.

Регресот за годишен одмор е ограничен како минимален и максимален износ за исплата.

Субјектите без потешкотии во работењето во 2020 година се пред се деловните субјекти кои не бележат драстичен пад на приходите во првото полугодие од годината и не се во групата на субјекти кои бележат прекин во работењето.

### *2.2. Понизок износ на К-15, за субјекти со потешкотии во работењето*

Финансиските потешкоти во 2020 година ги опфаќаат и причините кои го нарушија редовниот економски циклус, поради мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19.

Намалениот обем на работа, поради спроведување на мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19, со кои деловните субјекти искажуваат незадоволителни резултати, влегуваат во категоријата на финансиските потешкоти во работењето за 2020 година.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, **по задолжителна претходна консултација** со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација, може да се утврди регрес за годишен одмор **во помал износ од 40%** од основицата, утврдена со колективниот договор, односно помал износ од **10.596,00** денари, **за исплата** до **21.07.2020** година. (односно 10.487,00 за исплата од 22.07.2020 година).

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите во кои немаат формирано синдикат, спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

Согласно наведеното, **не постои пропишан минимален износ на К-15**, за субјектите, кај кои настанале потешкотии во работењето.

Висината на регресот за годишен одмор, кај субјектите кај кои настанале потешкотии во работењето, **се определува спогодбено**, помеѓу работодавачот и репрезентативната синдикална организација.

Кај работодавачите, кај кои не постои репрезентативна синдикална организација, спогодбата се потпишува од избран претставник на вработените.

И во едниот и во другиот случај, наведената спогодба се склучува по претходна задолжителна консултација со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел.

Казнените одредби од Законот за работни односи, **во поглед на неисплатениот износ на К-15, односно неисполнување на обврската за К-15 за 2020 година, ќе се применуваат кај работодавачите, кои се повикуваат на неуспешни преговори и не постигнување спогодба за износот на К-15, како причина за неисплатување**.

Во случај на постигнување спогодба, на начинот наведен во колективниот договор, работодавачот може да исплати понизок износ од минималниот од 40% од просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, односно помалку од **10.487,00** денари.

Вредноста на К-15 во овој случај, спогодбено треба да се утврди, врз основа на финансиската состојба, за исплата без финансиски штетни последици за друштвото.

Постоењето на финансиски потешкотии во работењето секако е услов за намалување на износот за исплата на К-15, но не и можност за избегнување на исполнување на обврската.

### *3. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА К-15*

Регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Износот се утврдува според основицата, која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.

Условот за стекнување со право на исплата на регрес за годишен одмор, е работникот да работел, **над шест месеци во календарската година (2020), кај истиот работодавач.**

Со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел или колективен договор на ниво на работодавач, може да се утврди регрес за годишен одмор во повисок износ, од износот утврден со ОКДПСОС.

Утврдувањето на висината на регресот се врши според основицата, која е **со важност на денот** на донесување на одлуката за исплата.

Согласно одредбата од член 35 од ОКДПСОС, регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Со спогодбата, како и со ОКДПСОС, односно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05 ... 187/13; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16; 120/18), не се предвидени прекршочни санкции, ниту глоба, во случај регресот за годишен одмор, да се исплати во неколку наврати, иако се потенцира дека неговата исплата се врши еднаш во текот на годината.

Исплатата на регресот за годишен одмор, согласно Законот за работни односи и ОКДПСОС, се врши до крајот на годината, односно **до 31.12.2020 година**, а може да отпочне од **01.07.2020**, за вработените **кои оствариле 6 (шест) месеци работен стаж, кај работодавачот за календарската 2020 година**.

**Напомена**: К-15 би требало да се исплати најкасно со 31.12.2020, односно денот на доставувањето на годишната сметка за 2020 година т.е. 15.03.2021 година. **Неисплатениот К-15**, до денот на доставувањето на ДБ, за 2020 година не добива третман на **даночно непризнат расход** и **не ја зголемува** даночната основица за данок на добивка за 2020 година (за разлика од 2019, кога неисплатениот дел на К-15 до 15.03. се третираше како даночно непризнат расход).

Даночен кредит во ДБ за 2020 година, **не може да се користи, доколку К-15 за 2019 година, е исплатен после 15.03.2020 година**, бидејќи не постои основ согласно законот.

### *4. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР И К-15*

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува законските услови. Правото на годишен одмор следува за секоја календарска година, и секогаш е проследено со правото на надоместок на плата, а од 01.01.2014 следува и правото на регрес, кој за приватниот стопански сектор, согласно ОКДПСОС е задолжителен.

Траењето на годишниот одмор, се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективен договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

Како ден на годишен одмор, се смета секој работен ден, кој според распоредот на работното време кај работодавачот, за конкретниот работник е одреден како работен ден.

Работникот се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеца, без оглед дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од по два дена, за годишниот одмор, од секој месец работа, ако:

1) во календарската година, во која склучил работен однос, не се стекнал со правото на користење на целосен годишен одмор (од вработувањето остварил помалку од 6 месеци во годината) и

2) му престанал работниот однос пред изминување-то на рокот, на кој по истекувањето би добил право на целосен годишен одмор (работел под 6 месеци пред отказот).

Потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, односно земањето во предвид на семејните обврски на работникот, се одлучувачки фактори при користењето на годишниот одмор.

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година, може да се користи и во два дела, со тоа што првиот дел задолжително трае најмалку 12 работни дена. Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на 12 работни дена годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни наредната година.

Годишниот одмор, којшто не бил искористен во тековната година, заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни, идната календарска година.

Работникот по престанувањето на работниот однос има право на обештетување за неискористениот дел од годишниот одмор.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор или од обештетувањето за годишниот одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област, која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право еден ден од годишниот одмор да го искористи на ден којшто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, најдоцна три дена пред користењето.

### *5. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И К-15*

Согласно одредбите на Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/18 и “Службен весник на РСМ” 275/19), регресот за годишен одмор, како доход од работа, се оданочува со данок на личен доход.

Согласно одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход, предвидени се ослободувања за доходот од работа - надоместоците од работен однос. Во наведената одредба не постои пропишано ослободување од данок на личен доход, за регресот на годишен одмор.

Согласно одредбата од член 14 од Законот за данок на личен доход, доход од работа претставува секој доход што го остварува обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи го и доходот по договор за повремено или привремено вршење услуги на органите на државната управа, на домашните и странските правни и физички лица, како и на домашните странските физички лица што вршат самостојна дејност, ако со законот за данок на личен доход, не е изземен од оданочување.

Согласно одредбата од член 15, доход од работа во смисол на член 14 од законот, претставуваат:

1) остварената плата и надоместокот на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, намалени за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува платата;

2) износот на надоместоците на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 12 на законот за данок на личен доход и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни договори, колективен договор на ниво на работодавач и прописите за органите на државната управа и износот на надоместокот за закуп на имот како и износот на надоместокот на трошоци поврзани со закупот на имотот на вработено лице кога надоместоците ги плаќа работодавачот;

Основа за пресметување на данокот на личен доход од работа, претставува износот на надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од член 12 на законот и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, утврдени со Зако-нот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни дого-вори и прописите за органите на државната управа.

Согласно одредбите од член 84 од Законот за данокот на личен доход, член 24 од ***Законот за измена на законот за данокот на личен доход,*** (“Службен весник на РСМ“ 275/19**),** утврдување и наплата на аконтација на данокот на доход по одбивка, се врши за следните видови доходи:

1. **доход од работа;**
2. **доход од самостојна дејност;**
3. **доходот од авторски и сродни права и**
4. **доходот од продажба на сопствени земјоделски производи (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
5. **доход од права од индустриска сопственост**
6. **доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
7. **доход од капитал;**

8. **капитални добивки;**
9. **доход остварен од добивки од игри на среќа;**
10. **доход од осигурување и**
11. **друг доход,**

се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена **на единствена стапка од 10%**, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена обврска.

Пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход **за 2020, 2021 и 2022 година**, **ќе се врши по стапка од 10%.**

Согласно наведеното, аконтација за данок на личен доход се пресметува при исплатата на К-15, за секој поединечен вработен, по стапка од 10% (**11,1111% од нето исплатениот К-15**).

Аконтацијата за К-15, ќе се пресметува по 11,1111%, а аконтативниот износ се смета за конечно измирена годишна даночна обврска.

Уплатата на аконтацијата за данок на личен доход се врши збирно по Општините, во кои вработените кои примаат К-15, имаат живеалиште, односно престојувалиште, на следната **уплатна сметка**:

**840 – општина – 1284; приходна шифра 711131.**

**Минимален износ за исплата на К-15, согласно ОКПДСОС, изнесува 10.596 денари (26.490,00 x 40% за јули 2020 (од 22.07.2020 новиот податок изнесува 26.217,00 x 40% = 10.487,00 МКД).**

Согласно одредбите од член 35 од ОКПДСОС, основицата за пресметување на надоместоците на работниците, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

**НАПОМЕНА: Висината на износот зависи од моментот на донесување на Одлуката за исплата на К-15, од страна на работодавачот.**

Без оглед на висината на пропишаниот износ за исплата на К-15, целокупниот исплатен износ подлежи на данок на личен доход, било тоа да е 10.596 **/** 10.487 (минимално пропишан) или 26.490 / 26.217 (максимално пропишан износ).

**НАПОМЕНА**: Наведените минимален и максимален износ се определени, како нето износи за исплата, согласно одредбите на ОКПДСОС и Законот за работни односи, а давачките дополнително се пресметуваат на нето основиците.

### *6. ДАНОК НА ДОБИВКА И К-15*

Основа за пресметување на данокот на добивка за соодветниот даночен период, претставува износот на добивката зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи.

Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. Сметководствената бруто добивка за одреден даночен период, подлежи на оданочување со 10% данок на добивка, врз основа на утврдената пресметка на Образец ДБ.

Согласно член 11 став 1 точка 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка ("Службен весник на РМ"112/14; 248/18), за оданочиви расходи и помалку искажани приходи се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.

**За 06/2020 (до 21.07) - (38.567,00 x 40% = 15.427,00 МКД).**
**За 07/2020 (од 22.07) - (39.398,00 x 40% = 15.759,00 МКД).**

Не се оданочува (ослободен од данок на добивка) износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата, или помалиот износ од наведеното, утврден со спогодбата помеѓу работодавачот и вработените, односно синдикатот.

**Износот на К-15 до 15.427,00 / 15.759,00 денари не подлежи на оданочување со данок на добивка, без оглед дали истиот е исплатен до 15.03.2021 година.**

Износите на исплатен К-15, **кои ја надминуваат висината од *15.427,00 / 15.759,00* денари, подлежат на оданочување со данок на добивка,** со тоа што износот **над наведениот** пропишан максимален износ на даночно признат расход, ја зголемува даночната основица за данок на добивка во Образец ДБ, **без оглед на тоа дали е исплатен или не,** до 15.03.2021.

# НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

*Правото на надоместок за одвоен живот од семејство-то и теренски додаток е регулирано, согласно Законот за ра-ботни односи (“Службен весник на РМ” 62/05......120/18; 110/19), Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (“Службен весник на РМ” 150/12....150/16), Општиот колективен договор за јавен сектор („Службен весник на РМ” 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), Гранските колективни договори и Колективни договори на ниво на работодавач.*

### *ВОВЕД*

Согласно член 113 од Законот за работни односи, работникот има право на надомест на трошоци, поврзани со работата за:

1) Дневници за службено патување;
2) **Теренски додаток;**
3) Користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) **Одвоен живот од семејството;**
5) Смрт на работникот или член на неговото семејство;
6) Отпремнина при одење во пензија, како и
7) Јубилејни награди.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци, се утврдува со Закон и Колективен договор.

**Работодавачот на свој трошок** на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.

- Трошоците за исхрана можат да изнесуваат **најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, која за 2020 година изнесува:**

  **5.043,00 (25.213 x 20%** ) а

- Трошоците за превоз **во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.**

## *1. НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ*

### *1.1. Надоместок на трошоците за Одвоен живот од семејството во ПРИВАТНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета кога работникот кој има семејство за издржување, заснова работен однос по потреба на службата во друг град, надвор од неговото живеалиште, а во местото каде што е седиштето на фирмата со кој засновал работен однос, не живее со неговото семејство.

> *НАПОМЕНА*: **Надоместокот за одвоен живот, не се исплатува, доколку работникот или неговото семејство, имаат живеалиште во една од соседните општини.**

Под одвоен живот од семејството, се смета времето поминато на работа надвор од местото на **живеење, во траење над 30 дена непрекинато.**

Надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште на еден или повеќе месеци.

***Надоместокот на трошоци за одвоен живот од семејство, се исплатува од средствата на друштвото***.

Согласно член 35 став 1 алинеа 4 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството ***(во продолжение ОКДПС***), висината на надоместокот за Одвоен живот се определува ***во износ од 60% од основицата***, која преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, во претходните три месеци, според последниот објавен показател од Држаниот завод за статистика.

**НАПОМЕНА: Правото на надоместокот за одвоен живот се користи во целост, само во случај кога нема организирано сместување, исхрана и други услуги.**

Во случај кога е организиран еден од условите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ.**

Ова претпоставува дека работникот може да патува секој ден, **а трошоците за превоз му се признаваат во полн износ.**

**НАПОМЕНА: Работникот нема право на надомет за одвоен живот за деновите на боледување, годишен одмор, платено и неплатено отсуство.**

### *1.2. Надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета кога избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос **не живеат со нивното семејство.**

Согласно член 8 од Законот за Извршување на Буџетот на Република Македонија за 2020 („Службен весник на РМ” 265/19), на овие лица од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството **во висина од 30%** од **просечната месечна нето плата исплатена** во Република Македонија во претходните три месеци.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено **помалку од 100 километри од местото на работење.**

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, **не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство**.

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со Закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

**НАПОМЕНА: Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.**

Овие одредби се применуваат и на лицата на служба на Армија на Република македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права, согласно со Закон.

Надоместокот за следбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

**Надоместокот за селидбени трошоци не следува** доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

**НАПОМЕНА: Работникот нема право на надомет за одвоен живот за деновите на боледување, годишен одмор, платено и неплатено отсуство.**

**НАПОМЕНА: Надоместокот за одвоен живот од семејството и теренски додаток, меѓусебно се исклучуваат.**

## *2. НАДОМЕСТОК ЗА РАБОТА НА ТЕРЕН*

### *2.1. Надоместок на трошоците за работа на терен во ПРИВАТЕН СЕКТОР*

***Теренски додаток*** претставува надомест на работникот заради извршување на работни задачи, надвор од место на работа – седиште на фирмата.

***Под работа на терен*** се подразбираат работи што според својата природа се изведуваат надвор од местото на вработувањето на работникот и ***во траење подолго од 15 дена*** непрекинато. Надоместокот за работа на терен ги опфаќа трошоците за сместување и исхрана и трошоците за превоз на работникот од местото на вработувањето до местото каде што се извршуваат работите.

Теренскиот додаток треба да овозможи надоместување за зголемените трошоци, при извршувањето на работи и работни задачи на терен.

Бидејќи извршувањето на одделни деловни активности во подолг временски период се врши надвор од седиштето на претпријатието на работникот е неопходно да му се обезбеди престој и исхрана, во местото каде ја извршува работната задача. Работодавецот е должен да обезбеди услови за престој на работникот на терен.

Трошоците врз оваа основа се материјални трошоци на работењето и се покриваат во висината на вистинските трошоци.

**НАПОМЕНА: Работникот има право на надомест на име теренски додаток, во зависност од обезбедените услови за престој.**

**Висината на теренскиот додаток** е различна и зависи од дејноста на претпријатието, согласно на тоа и од одредбите на гранските колективни договори или колективен договор на ниво на работодавец.

Согласно напред наведеното, во праксата се сретнуваме и со различни висини на теренскиот додаток, зависно од дејноста и обезбедените денови за престој на работникот на терен.

### *2.1.1. Остварување на правото за теренски додаток*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПС, правото на теренски додаток се остварува, поради зголемени трошоци на кои е изложен работникот, ако се упати на извршување на работни задачи во места, кои се надвор од општината во кое има седиште работодавачот.

**НАПОМЕНА: Соседните општини на општината во која има седиште работодавачот, не подлежат на теренски додаток.**

Трошоците би биле на товар на вработениот, доколку се упати на извршување работни задачи надвор од општината и соседните општини се во вид на храна, превоз и сместување.

Значи работа на терен не се подразбира доколку на пример земјоделски комбинат упати вработени на работа на земјоделски површини, кои не се во општината, каде што е седиштето, ако вработените се превезуваат и враќаат во текот на еден работен ден.

Теренскиот додаток е определен како надоместок за вработените ако се упатени ***со престој од повеќе 15 дена*** непрекинато, при што за извршувањето на работите истите престојуваат ***(сместување за престој и спиење),*** надвор од општината и соседните општини на општината во која е седиштето на правниот субјект, кој упатува вработени на работа на терен.

***Непрекинат престој се смета***, иако вработените се враќаат за време на викенд и повторно заминуваат на работа на терен, наредниот работен ден, по деновите на викендот (или неделниот одмор – доколку е различен од викендот).

### *2.2. Надоместок на трошоците за работа на терен во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Надоместокот за работа на терен во Јавниот сектор не е прецизно дефиниран како надоместок, од аспект што во Општиот колективен договор за Јавен сектор содржи одредба со која е утвдено дека дневниците за службени патувања, надоместокот за исхрана и теренскиот додаток, како и надоместокот за одвоен живот од семејството и теренски додаток меѓусебно се исклучуваат.

Висината на теренскиот додаток во Законот за Извршување на буџетот не е предвидена. додека пак во колективните договори на ниво на дејност од областа на јавниот сектор, не содржат прецизни одредби за исплата на теренски додаток, иако тоа е предвидено како право со Општиот колективен договор за Јавен сектор.

Поголем дел од нив содржат управувачка норма за примена на Општиот колкетивен договор во однос на условите и висината на додатоците на плата, надоместоците и другите примања на работникот.

## *3. ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

Согласно одредбите од член 12 став 1 точка 6 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018;232/19; 275/19), на надоместоците за одвоен живот и теренски додаток**, не се пресметува и плаќа данок на доход во висина на најнискиот износ утврден со Општиот колективен договор за приватен сектор, односно за вработените во Јавниот секор во висина утврдена со прописите за Органите на државната управа.**

Согласно член 14 став 1 точка 3 од Законот за Данок на добивка, како даночно признати расходи се: *Исплатените надоместоци на трошоците од работен однос за службено патување **(освен користењето на приватен автомобил),** *теренскиот додаток или одвоениот живот* во висина на најнискиот износ утврден со Општиот колкетивен договор за приватен сектор и прописите на органите на државната управа.

**НАПОМЕНА: Доколку работодавачот исплаќа теренски додаток или Одвоен живот над пропишаните износи, разликата ќе биде оданочена.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

### *4.1. Пресметка на Одвоен живот*

**Пример:** На работникот ”НН” за времето поминато на извршување работни задачи, надвор од местото на живеење и седиштето на фирмата, му се исплатува на име одвоен живот **за месец ЈУЛИ/2020 година во висина од 15.730,00 денари.**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1) 44102 – Надомест за одвоен живот | 15.730,00 | |
| 2414 – Обврски спрема вработени за одвоен живот | | 15.730,00 |

***(утврдување на обврска за одвоен живот)***

| | | |
|---|---|---|
| 2) 2414 – Обврски спрема вработени за одвоен живот | 15.730,00 | |
| 1000 – Трансакциона сметка | | 15.730,00 |

***( исплати за одвоен живот преку трансакциона)***

### *4.2. Пресметка на теренски додаток*

Теренски додаток работодавачот може да пресметува и исплатува само ако е регулирано со колективен договор на ниво на дејност или со колективен договор на ниво на работодавач.

Вообичаено друштвата теренски додаток исплатуваат кога нивните активности се надвор од седиштето на друштвото или неговите деловни единици **(Пример: изградба на градежни објекти, ископи, инсталирање и поправка на постројки, воведување на технолошки компјутерски системи и слично.)**

Во поголем број на Колективни договори на ниво на дејност има само упатувачка норма, прашањето на теренски додаток да биде регулирано со колективен договор на, ниво на работодавач.

Во овие случаи покрај висината на теренскиот додаток би требало да се регулираат и други прашања на пример: оддалеченоста од седиштето на друштвото, односно деловни-те единици **(на пр: над 30 км, над 50 км и слично**); времето на работа на **терен ( на пр: од првиот ден, над 10 дена, над 30 дена и сл.),** и при работа на терен може да настанат и други трошоци како што се:

- **Трошоци за превоз (ако не е организиран);**
- **Патарини;**
- **Користење на интернет;**
- **Изнајмување на простории;**
- **Трошоци за фотокопирање и слично.**

**НАПОМЕНА: Висината на теренскиот додаток во колективните договори на ниво на работодавач, треба да биде во согласност со колективните договори на ниво на дејност, но не повеќе од висината на дневниците за службени патувања.**

Во продолжение Ви презентираме ***Пример***: за исплата на надоместок за теренски додаток во согласност ***со Колективен договор за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија.***

***ПРИМЕР 1: Обезбедено сметување и исхрана***

Друштвото „ММ” испратило 2 работници на терен со обезбедено сместување, исхрана и превоз за 12 дена.

**Бидејќи е обезбедено сместување и исхрана,** во КД за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија, теренскиот **додаток е утврден во висина од 10% од висината на дневницата** изнесува:

**2.097 х 10% = 210,00 денари;**

Ноќевањето е обезбедено во приватно сместување и изнесува:

**(300 ден. х 12 дена х 2 работника 7.200,0 0денари.**

**ПРЕСМЕТКА**

***(на теренски додаток за период од 12.07.до 24.07. 2020 год. за 2 вработени)***

| Р.б р. | Име и през. | Број на ден. | По ден | Вкупно (3 x 4) | Др. трошоци | Вкуп. (5+6) | Аванс | Исплата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** |
| 1. | АА | 12 | 210 | 2.520 | / | 2.520 | / | 2.520 |
| 2. | ББ | 12 | 210 | 2.520 | / | 2.520 | / | 2.520 |
| **вк** | | | | **5.040** | **/** | **5.040** | **/** | **5.040** |

**ПРЕСМЕТКА**

***на Данок на доход на доход од имот и имотни права за месец Јули/2020 година (за нокевање)***

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Нето доход** | **8.000,00** |
| **2.** | **Данок на доход (1 x 9,2896%)** | **743,00** |
| **3.** | **За исплата (1 - 2)** | **7.257,00** |

**Книжење:**

44101-Надомест на теренски додаток 5.040,00
1021-Благајна 5.040,00
***(пресметка за теренски додаток);***

4143 – Наемнини од граѓани 8.000,00
2201 - Обврски кон граѓаните 7.257,00
269 - Обрски за данок на доход 743,00
***(пресметка за нокевање);***

2201 - Обврски кон граѓаните 7.257,00
269 - Обврски за данок на доход 743,00
1000 - Трансакциска сметка 8.000,00
***(платен данок на доход за кирија).***

**ПРИМЕР 2: Не е обезбедено сместување и исхрана**

Друштвото „ММ” испратило 3 работници на терен **без обезбедено сместување, и исхрана.**

Висината на теренскиот додаток согласно КД на за градежништво, градежни материјали и проектирање, во овој случај изнесува:

**Дневница за службени патувања Јули/2020 2.097,00 денари**

**Висина на теренски додаток 2.097,00 денари**

**Исплатен Аванс 63.144,00 денари**

**НАПОМЕНА: Бидејќи не е обезбедено сместување и исхрана, во колективен договор на ниво на работодавач теренскиот додаток е утврден во висина на Дневницата за службени патувања за соодветниот период.**

**ПРЕСМЕТКА**

***на теренски додаток за период од 12.07.до 24.07.2020 година за 3 вработени***

| Р.бр. | Име и презиме | Бр. на денови | По ден | Вкупно | Р.бр. | Вкупно | Аванс | Исплата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5(3x4)** | **6** | **7(5+6)** | **8** | **9 (7-8)** |
| 1. | АА | 12 | 2.097 | 25.164 | 1.500/ | 26.664 | 21.048 | 5.616 |
| 2. | ББ | 12 | 2.097 | 25.164 | 1.500 | 26.664 | 21.048 | 5.616 |
| 3. | ВВ | 12 | 2.097 | 25.164 | 1.500 | 26.664 | 21.048 | 5.616 |
| **вк** | | | | **75.492** | **4.500** | **79.0992** | **63.144** | **16.848** |

**Книжење:**

1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
102 – Благајна 63.144,00
***(исплатен аванс за теренски додаток);***

44102 - Надомест на теренски додаток 63.144,00
4401 - Трошоци за превоз 4.500,00
1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
102 – Благајна 4.500,00
***(по пресметка за теренски додаток).***

## *5. НАДОМЕСТОК НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК СПОРЕД ГРАНСКИТЕ КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ*

Бидејќи надоместокот за одвоен живот и теренски додаток е различен за пооделните грански колективни договори, во продолжение презентираме Преглед на субјектите според гранските Колективни договори со назначување на висината според која се регулираат надоместоците за одвоен живот и теренски додаток.

**Преглед 1:**

**Одвоен живот и Теренски додаток од ПРИВАТЕН СЕКТОР според Гранските колективни договори**

| **Р.б** | **К. Д. на гранка** | **Сл. Вес. на РМ** | **Право на надоместок за ОДВОЕН ЖИВОТ** | **Право на надоместок за ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ОКДПС** | **10/08; .88/08 122/08 ;85/09** | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седештето на работодавачот **над 2 месеца)** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува согласно К.Д. на работодавач**. |
| **2.** | К.Д за **КОМУНАЛНИ** дејности | 107/06 | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седештето на работодавачот **над 2 месеца)** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува согласно К.Д. на работодавач**. |
| **3.** | К.Д. за **УГОСТИТЕЛСТВО** | 02/08 | Во висина **од 60%** од основицата **на еден или повеќе месеци** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува со К.Д. на работодавач.** |
| **4.** | К.Д. за **ЗАШТИТНИ ДРУШТВА** | 151/14 | Во висина утврдена со К.Д. на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена на ниво на работодавач** |
| **5** | К.Д. за **ТЕКСТИЛНА** индустрија | 220/15 | Во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач **но не помалу од 60% од** основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач** |
| **6** | К.Д. за **ЗЕМЈОДЕЛСТВО и ПРЕХРАМБЕНА** индустрија | 175/15 | Во висина утврдена со К.Д. на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помал-ку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | К.Д. за вработен-ите од **ТУТУНСКО** стопанство | 115/14 | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организ. сместува-ње и исхрана. Доколку е обез-бедено смест.или исхрана надомес. **се намалува за 25%** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач** |
| **8**. | К.Д. за **КОЖАР-СА и ЧЕВЛАРС-КА** индустрија | 220/15 | Во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основи-цата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач** |
| **9**. | К.Д. за дејноста **ХЕМИСКА** индустрија | 52/09; 59/11 10/13 | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организирано местување и исхрана. Во случај кога е ор-ганизиран еден од словите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина до 75% од износот на дневницата** |
| 10. | К.Д. На друштв-ата од друго **МОНЕТАРНИ** по-средување во ра-ботењето во **ХА-РТИИ од ВРЕД-НОСТ** и стокови договори | 197/11 189/13 | **60% од** основицата | Во зависнот од обезбедените услови за престој на терен (сместување, исхрана и сл) за престој **повеќе од 30 дена;** *** 2% од основицата, ако е обезбедено сместување иисхрана и** *** 7% од основицата ако е обезбедено само сместување** |
| 11. | К.Д. за **ЕНЕРГЕ-ТИКА** | 182/16 | Во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основи-цата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со К.Д. на ниво на работодавач** |
| 12. | К.Д за **ГРАДЕЖ-НИШТВО**, индус-тријата на граде-жни материјали и **ПРОЕКТИРАЊЕ** | 28/03 | Согласно К.Д за приватен сектор | Во зависност од обезбедените услови за престој и тоа: *** кога е обезбедено сместување и исхрана 10% од висината на дневницата;** *** кога е обезбедено само смес-тување во висина на дневницата** *** кога е обезбедено само ис-храна во висина на трошоците за спиење, како и 10% дневно во висина на дневницата** |
| 12. | К.Д. за **НЕЗАВИСНИ** регулаторни тела | 74/15 | **60% од** Основицата | **5% од** Основицата |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка преставува просечната месечна нето плата по работник во Република македонија исплатена во последните три месеци.**

**ПРЕГЛЕД 2:**

***Одвоен живот и Теренски додаток од ЈАВЕН СЕКТОР според гранските колективни договори***

| **Р. бр** | **Колективен договор на гранка** | **Сл. Вес.** | **Право на надоместок за одвоен живот** | **Право на надоместок за теренски додаток** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | К.Д за **ДРЖАВНИТЕ**, **ПРАВОСУДНИ** и органите на **ЛОКАЛНА** самоуправа на РМ. | 53/95; 11/98/ 28/09 | Во висина **од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување и исхрана) |
| 2. | К.Д за Министерство за **ВНАТРЕШНИ** работи | 69/15 | Согласно Законот за Извршување на Буџетот на Р.М. | Во висина **од 30%** од основицата |
| 3. | К.Д за **ЗДРАВСТВЕНА** дејност на Република Македонија | 60/06, …… 219/19 | Во висина **од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за престој на работник на терен (сместување , исхрана)**, но не повеќе од 60%.** |
| 4. | К.Д за Министерство за **ОДБРАНА** | 108/13 | Согласно Законот за Извршување на Буџетотр на Р.М. | Согласно К.Д за јавен сектор |
| 5.. | К.Д. за **ОСНОВНО** образование во Р.М. | 24/09; … 39/10 | Согласно К.Д. за јавен секто | Согласно К.Д. за јавен секто |
| 6. | К.Д. за **СРЕДНО** образование | 24/09; 39/10 | Согласно К.Д. за јавен секто | Согласно К.Д. за јавен секто |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци.**

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*М-р Магдица Костадинова*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ НА МЛАДИ ЛИЦА ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ, ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

***Финансиската поддршка за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, за време на вонредна состојба е регулиранао согласно Уредбата објавена во Службен весник на РСМ 157/2020.***

### *ВОВЕД*

Согласно Уредбата со законска сила, за ***Финансиската поддршка*** за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, за време на вонредна состојба ***(во продолжение Уредбата),*** се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање и користење на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19.

Средствата за спроведување на Уредбата се обезбедени од Буџетот на РС Македонија преку ***Програмата на Министерството за образование и наука П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата, во вкупен износ од 150.000.000,00 денари***.

„***МЛАДИ ЛИЦА***" се државјани на РСМ, со завршено најмалку средно образование и **не постари од 29 години** на денот на влегувањето во сила на Uredbata, do **(13.07.2020)**

***„КОРИСНИК НА ВАУЧЕР ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ***" е младо лице чие барање за користење на ваучер за стекнување со дигитални вештини е одобрено и ги посетува обуките за кои му е издаден ваучерот.

***„ДАВАТЕЛИ НА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ"*** се резидентни правни лица кои се запишани во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини, која ја воспоставува и води Министерството за образование и наука, на начин и под услови утврдени со Уредбата.

***"ВАУЧЕР ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ"*** е вредносен ваучер со номинална вредност **до 30.000 денари**, издаден од Министерството за образование и наука, а кој е наменет за млади лица за добивање на обуки за стекнување со дигитални вештини обезбедени од страна на правни лица – даватели на обуки за дигитални вештини. Ваучерот гласи на име и презиме на корисникот на ваучерот и содржи: ****единствен QR код, *рок на важење на ваучерот, *назив на обука за дигитални вештини и *назив на давателот на обука за дигитални вештини кој ја обезбедува обуката, вредност на ваучерот, како и други корисни информации и инструкции за употреба.***

„***ИСКОРИСТЕН ВАУЧЕР ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ"*** е ваучер за стекнување со дигитални вештини кој давателот на обуки за дигитални вештини го евидентирал како употребен ваучер, на начин и под услови утврдени со Уредбата.

„***ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ***" се вештини за управување со софтверски апликации и хардверски компоненти, вештини на напредно програмирање, како и вештини за употреба на дигитални технологии чија цел е управување со средства за електронска комуникација и пренос на информации и средства за електронска комуникација, како и поврзани вештини преку кои се овозможува употреба на информациско комуникациски технологии, а кои се предложени од давател на обуки за дигитални вештини и кои се запишани во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини, која ја воспоставува и води Министерството за образование и наука.

### *1. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА*

Согласно Член 3 од Уредбата, Висината на средствата кои ги исплаќа Министерството за образование и наука за обуките за дигитални вештини **изнесува до 50%** од вкупниот износ на обуката за дигитални вештини**, но не повеќе од 30.000 денари по корисник на ваучер за обуки** за дигитални вештини.

Корисникот на ваучер за обука за дигитални вештини има право да добие еден ваучер.

### *2. ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕР*

Согласно член 4 од Уредбата, Барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини **се поднесува** преку Националниот портал за електронски услуги, кој го води Министерството за информатичко општество и администрација.

Барањето, младото лице **го поднесува преку својот кориснички профил** на Националниот портал за електронски услуги на основно ниво на сигурност, согласно Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на РСМ/. 244/19).

Доколку младото лице **нема кориснички профил** на Порталот, поднесува барање во форма на електронска порака за отварање на кориснички профил на Порталот до електронската адреса: **obuki@uslugi.gov.mk**, со која управува Министерството за информатичко општество и администрација.

Младото лице е должно во прилог кон барањето, ***да достави:***

* ***скенирана лична карта или патна исправа и***

**** мобилен телефонски број за контакт.***

По поднесување на барањето, а доколку истото ги содржи бараните податоци, Министерството за информатичко општество и администрација спроведува постапка за автентикација на идентитетот на подносителот на барањето за отварање на кориснички профил преку телефонски повик до мобилниот телефонски број за контакт кое го навело младото лице во своето барање, заради потврда на интегритетот на доставените податоци и нивната поврзаност со подносителот на барањето.

По спроведената постапка за автентикација Министерството за информатичко општество и администрација **врши регистрација на кориснички профил на Порталот во име и за сметка на младото лице.**

По извршената регистрација на кориснички профил на младото лице на Порталот, **младото лице може да го поднесе барањето.**

Младото лице како ***прилог*** кон барањето прикачува скениран примерок од дипломата за завршено образование.

Барањето кое не го содржи прилог: ***СКЕНИРАН ПРИМЕРОК ОД ДИПЛОМАТА ЗА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ***, се смета за нецелосно барање и **истото ќе биде отфрлено**.

### *2.1. Доставување на ваучерот до корисникот*

Согласно член 5 од Уредбата, по поднесеното барање **Порталот врши проверка на личните податоци на младото лице во Централниот регистар** на население, за проверка на точноста на личните податоци и исполнетоста на условите, со употреба на логички поврзани процеси, согласно Законот за електронско управување и електронски услуги и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

Барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини **може да се поднесе најдоцна** во рок од **(15) петнаесет дена** сметано од денот на објавување на Листата на одобрени даватели на дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини на веб страницата на Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука, **во рок од (5) пет дена** од денот на поднесувањето на барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини ***го доставува ваучерот*** до корисничкиот профил на Порталот на корисникот на ваучерот за обуки за дигитални вештини, во форма на електронски документ, согласно Правилникот за задолжителните елементи на електронските документи („Службен весник на РСМ. 47/20).

Бројот на ваучерите е ограничен **со вкупната вредност од 150.000,00 денари,** и се распределува според пријавените даватели на обуки за дигитални вештини за различни видови обуки и според пријавените учесници корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини, за секоја обука поединечно.

Доколку за некоја од обуките има поголем интерес од пријавениот број на учесници - корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини кај еден ист давател на обуки за дигитални вештини, предност ќе имаат првопријавените кандидати.

Корисниците на ваучери за обуки за дигитални вештини ***можат да ги искористат издадените ваучери во период од 15 август 2020 година до 15 декември 2020 , кај давателот на обуки за дигитални вештини.***

Ваучерот за обуки за дигитални вештини е неделив и се користи еднократно кај еден давател на обуки за дигитални вештини.

Ваучерот за обуки за дигитални вештини може да го искористи само корисникот на ваучерот на чие име е издаден ваучерот и само обуката за која било поднесено барањето.

### *3. ЛИСТА НА ДАВАТЕЛИ НА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ И НА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ*

Согласно член 7 од Уредбата, барање за упис во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини, правните лица го поднесуваат преку Порталот.

Барањето, го поднесува овластеното лице во правното лице преку својот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги на основно ниво на сигурност, согласно Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19).

**Барањето содржи**:

* назив на давателот на услугата,

* име и презиме на застапникот по закон,

* адреса на давателот на обуки, општина, телефонски број, емаил адреса, ЕДБ, ЕМБС,

* сметка на давателот на обуки на која ќе се исплаќа вредноста на искористените ваучери за обука за стекнување со

дигитални вештини, со прилог скениран примерок од тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци за обуките за дигитални вештини кои планира да ги обезбеди за корисниците на ваучери и тоа: назив на обука, тип на дигитална вештина, времетраење на обука, вкупен износ на обуката и број на слободни места, за секоја обука поединечно.

Барањето, се поднесува **во рок од (10) десет дена** од денот на објавата на **ПОВИКОТ** за изразување на интерес за запишување во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини на веб страницата на Министерството за образование и наука.

Повикот, се објавува **во рок од (15), петнаесет дена** од денот на влегувањето во сила на Уредбата (**од 28.06.2020).**

### 3.1. Проверка на комлетноста на документацијата

Согласно член 8 од Уредбата, дигиталниот форум на РСМакедонија **во рок од (10) десет дена** од денот на истекот на рокот за пријавување на даватели на дигитални вештини **за упис во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини**, врши проверка на комплетноста на документацијата и соодветноста на предложените обуки со истражувањата за потребите за дигитални вештини, спроведени од стопанските комори и врши упис на давателот на обуки за дигитални вештини во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини.

Известувањето за извршен упис во Листата, се испраќа до корисничкиот профил на Порталот на овластеното лице на правното лице преку кој е поднесено барањето од Уредбата со законска сила.

**Дигиталниот форум ја утврдува Листата на даватели** на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини **во рок од 35 дена** од денот на влегувањето во сила на Уредбата (**од 08.08.2020).**

Министерството за образование и наука ја објавува Листата на одобрени даватели на обуки за дигитални вештини и на одобрени обуки за дигитални вештини, на својата веб страница **во рок од 35 дена** од денот на влеувањето во сила на Уредбата **(од 08.08.2020).**

По доставата на известувањето, **на давателот на обуки за дигитални вештини Министерството за образование и наука му доставува** типски договор на електронската адреса на правното лице наведена во барањето, заради регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Уредбата.

Давателот на обуки за дигитални вештини преку Порталот го евидентира ваучерот за обука како искористен со внесување на ознаките на ваучерот од Уредбата, со скенирање на QR кодот на ваучерот за обука.

### *3.2. Исплата на надоместок на давателите на обуки за дигитални вештини*

Согласно член 9 од Уредбата, Министерстото за образование и наука врши исплата на давателите на обуки за дигитални вештини врз основа на извештај за одржани обуки за стекнување со дигитални вештини, по доставена фактура и доказ (***диплома/сертификат/потврда***) дека корисниците на ваучери успешно ја завршиле обуката за дигитални вештини.

Исплатата, се врши почнувајќи **од 5-ти во тековниот месец за претходниот месец**, освен исплатата за искористените ваучери во период од **(1 декември 2020 до 15 декември 2020 година),** која ќе се изврши до 25 декември 2020 година.

Ако обуката е со траење **подолго од 15 декември 2020 година**, за да се исплатат средствата на давателот на обуки за дигитални вештини, давателот на обуки за дигитални вештини до Министерството за образование и наука доставува извештај дека младото лице корисник на ваучерот успешно ја следи обуката.

Давателот на обуки за дигитални вештини нема право на исплата на ваучери за обуки **кои не биле на листата на обуки.**

## *4. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ*

Согласно Член 10 од Уредбата, Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на Уредбата, врши Државниот пазарен инспекторат согласно надлежностите утврдени со закон.

**ГЛОБА во износ од 100 до 500 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице **(микро трговец),** од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на правно лице **(мал трговец**), од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице **(среден трговец)** и од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице **(голем трговец) ако поднесе неточен или лажен извештај** за одржани мобуки за стекнување со дигитални вештини.

**Глоба во износ од 50 до 250 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице (**микро трговец**), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**мал трговец**), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**среден трговец**) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**голем трговец**) за сторениот прекршок од претходниот став.

**Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и одговорно лице во правното лице** се врши согласно Законот за прекршоците.

Прекршочните постапки ги води и прекршочните санкции ги изрекува надлежниот суд.

**НАПОМЕНА**: **Злоупотребата и фалсификувањето на ваучерот за обуки за стекнување со дигитални вештини подлежи на казна, согласно Кривичниот законик.**

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВО (ДОО, ДООЕЛ и АД) СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Намалувањето на основната главнина на трговските друштва се уредува со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ” 28/04...120/18). Според Законот, при намалување на основната главнина кај друштвата со ограничена одговорност (ДОО,ДООЕЛ), износот на основната главнина не може да се намали под 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.***

### *ВОВЕД*

Според Законот за трговски друштва (во натамошниот текст ЗТД), основната главнина на друштвото може да се намали само со одлука на содружниците за намалување на основната главнина којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Во одлуката се определува обемот и целта на намалувањето на основната главнина, како и начинот на којшто ќе се спроведе тоа намалување.

За намалување на основната главнина се смета секое намалување на износот на основната главнина, определен во Актот за основање на друштвото (Договор за основање, изјава за основање), независно од тоа дали намалувањето се спроведува со враќање на влоговите на содружниците, намалување на номиналните износи на влоговите или потполно, односно делумно ослободување на содружниците на друштвото или на нивните правни претходници од обврската целосно да ги уплатат влоговите.

Основната главнина на Акционерско друштво може да се намали со:

- ✓ намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;
- ✓ спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и
- ✓ повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

## *1. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА КАЈ ДРУШТВА СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ*

Во одлуката на содружниците за намалување на основната главнина се определува обемот и целта на намалувањето на основната главнина, како и начинот на којшто ќе се спроведе тоа намалување.

За намалување на основната главнина се смета секое намалување на износот на основната главнина, определен во Актот за основање на друштвото (Договор за основање, изјава за основање), независно од тоа дали намалувањето се спроведува со враќање на влоговите на содружниците, намалување на номиналните износи на влоговите или потполно, односно делумно ослободување на содружниците на друштвото или на нивните правни претходници од обврската целосно да ги уплатат влоговите.

При намалување на основната главнина треба да се внимава износот на основната главнина да не се намали под 5.000 ЕВРА во денарска противвредност. Ако намалувањето на основната главнина се спроведува со враќање на платените влогови или со ослободување на содружниците од обврската за целосна уплата на влоговите, износот на другите влогови што остануваат во друштвото не смее да се намали под 2.500 ЕВРА во денарска противвредност, со тоа што, истовремено, се донесува одлука за зголемување на основната главнина најмалку до 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.

### *1.1. Упис и објавување на намерата за намалување на основната главнина*

Управителот поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за намерата за намалување на основната главнина.

Управителот веднаш по уписот на одлуката за намерата за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, објавува оглас за намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на РМ". Во огласот друштвото објавува дека е согласно на доверителите, врз основа на нивно барање, да им ги исплати побарувањата или да им даде обезбедување. Ако, по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот, не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со намерата за намалување на основната главнина.

На познатите доверители им се доставува писмено известување.

### *1.2. Упис на намалувањето на основната главнина*

Пријавата за упис на одлуката за намалување на основната главнина се поднесува заради упис во трговскиот регистар по истекот на рокот што им е даден на доверителите за пријавување на своите побарувања.

Кон пријавата се приложуваат:

- ✓ *копија од огласот со којшто е известено за намерата за намалување на основната главнина, објавен во ,,Службен весник на РМ";*
- ✓ *доказ дека друштвото на доверителите кои им се пријавиле им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе бидат намирени;*
- ✓ *изјава на управителот дека на сите познати доверители им е доставено известувањето за намерата за намалување на основната главнина, а дека на друштвото не му се јавиле други доверители освен оние на кои друштвото им ги намирило побарувањата или им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени и*
- ✓ *препис од книгата на уделите.*

Ако доказот што е поднесен за тоа дека друштвото ги намирило побарувањата на доверителите или дека им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени не е вистинит, управителот им одговара лично и неограничено со сиот свој имот за штетата што ќе им ја предизвика на оние доверители на кои им дал невистинити податоци, но само за износот што не можел да им се намири од имотот на друштвото.

Не одговара за штетата, управител кој ќе докаже дека не знаел дека доказите и изјавите што ги давал се невистинити.

### *1.3. Исплата на содружниците и ослободување од обврски*

Исплатите на содружниците врз основа на намалувањето на основната главнина се допуштени откако ќе се изврши упис на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар.

Со денот на уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, станува полноважно ослободувањето од обврската за уплаќање на преостанатите неуплатени влогови за извршеното намалување на основната главнина.

## *2. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА КАЈ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА*

Основната главнина кај АД, може да биде намалена со:

- ✓ *намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;*
- ✓ *спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на спонената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и*
- ✓ *повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалуање на основната главнина.*

По намалувањето на номиналниот износ и бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, акциите се поништуваат.

Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен со ЗТД за основната главнина (*член 443 ст.3).*

Ако друштвото ја намали основната главнина, спротивно на одредбата од ставот (3) од член 443 од ЗТД, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна, освен ако заедно со одлуката за намалување на основната главнина не биде донесена и одлука за зголемување на основната главнина најмалку до најмалиот износ определен за основната главнина со овој закон.

### *2.1. Редовно намалување на основната главнина*

Намалувањето на основна главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина што ја донесува собранието со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Ако постојат повеќе родови акции, за полноважноста на одлуката е потребна согласност на акционерите од секој род акции, со мнозинство коешто не може да биде помало од мнозинството утврдено во ЗТД. За давањето согласност, акционерите од секој род акции, донесуваат посебна одлука за согласност.

### *2.2. Одлука за намалување на основна главнина*

Со одлуката за намалување на основната главнина се определуваат износот, целта, како и начинот за спроведување на намалувањето на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши со цел да им биде вратен дел од намалената основна главнина на акционерите, тоа мора посебно да се наведе во одлуката.

Во поканата со којашто се свикува собранието на коешто се одлучува за намалувањето на основната главнина се наведуваат причината, целта и начинот на кој ќе се изврши намалувањето на основната главнина.

На одлуката за намалување на основната главнина се врши предбележба во трговскиот регистар. За предбележбата се поднесува пријава за упис.

Кон пријавата за упис се приложуваат:

- ✓ *одлуката на собранието за намалување на основната главнина и*
- ✓ *изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина, заверен од нотар.*

Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, ја објавува намерата за намалување на основната главнина во „Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото објавува дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето. Ако по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со одлуката за намалување на основната главнина.

Познатите доверителите чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

### *2.3. Обезбедување на доверителите*

Според член 445 од ЗТД, друштвото мора, за побарување настанато пред уписот на одлуката за намалување на основната главнина на друштвото во трговскиот регистар, да му даде на секој доверител соодветно обезбедување, ако:

- ✓ *доверителот пријавил побарување настанато пред донесувањето на одлуката за намаување на основната главнина, без разлика на тоа дали побарувањето е пристигнато, во рок од 90 дена од денот на објавува-*

*њето на огласот за намерата за намалување на основната главнина;*

- ✓ *доверителот, со пријавувањето на побарувањето што не е достасано, побарал негово обезбедување и*
- ✓ *има доволно причини да се смета дека намалувањето на основната главнина ќе ја намали способноста на друштвото да го намири побарувањето на доверителот.*

Доверител кој има право на првенствено намирување од стечајната маса надолжникот, односно кој има остварено обезбедување, нема право да бара ново обезбедување поради намалување на основната главнина.

Ако намалувањето на основната главнина на друштвото е извршено спротивно на ставовите (1) и (2) од член 445, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна.

### *2.4. Спојување акции*

Ако намалувањето на основната главнина се врши со намалување на номиналниот износ на акциите или со спојувањето на еден или на повеќе родови и класи акции со намалувањето на нивниот номинален износ на акционерите им се издаваат нови акции со нов номинален износ, сразмерно на тоа колку нивните акции учествувале во основната главнина пред намалувањето на основната главнина. Новите акции се од ист род и класа како и акциите за коишто се заменети.

Одборот на директори, односно управниот одбор доставува до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга на друштвото измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина така што да се запише новиот номинален износ на акциите или намалувањето на бројот на акциите заради спојување или повлекување на акции.

Пред да биде извршено издавање нови акции заради извршеното намалување на номиналниот износ на акциите или заради спојувањето на акциите не смее да се издаваат нови акции.

### *2.5. Исплати на акционерите*

На акционерите може да им биде исплатен дел од намалената основна главнина дури по намирувањето на побарувањата на доверителите или по давањето обезбедување на нивните побарувања, во согласност со овој пододдел.

Исплатите можат да се вршат ако е извршено намалувањето на основната главнина и ако е извршен уписот на извршеното намалување во трговскиот регистар. Акционерите не можат да бидат ослободени од обврската да ги уплатат недоплатените уплати за акциите, односно ако не го уплатиле влогот за којшто зеле обврска да го уплатат се додека не ги намират побарувањата на доверителите кои се пријавиле, односно ако друштвото не даде соодветно обезбедување за нивните побарувања.

Ако е поднесена тужба за поништување на одлуката за намалување на основната главнина, исплатите не можат да се вршат, односно ослободувањето од натамошна уплата на акциите не настапува пред правосилноста на одлуката на судот.

### *2.6. Исплата на дивиденда*

Друштвото не може да исплаќа дивиденда поголема од 4% од основната главнина на друштвото пред истекот на две години од годината во којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина.

Ова ограничување не се однесува на друштвата коишто до уписот на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар ги намириле побарувањата на доверителите или дале соодветни обезбедувања за нивните побарувања.

Друштвото коешто има намера да исплати дивиденда мора да го објави годишниот финансиски извештај. Во објавата треба да ги извести доверителите за намерата да изврши исплата на дивиденда и за нивното право да бараат намирување на своите побарувања или да бараат да им се даде за тоа соодветно обезбедување. Обезбедување не можат да бараат доверителите кои имаат првенствено право на намирување на побарувањата во случај на стечај.

## *3. ПОЕДНОСТАВЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА*

Законот за трговски друштва предвидува можност за поедноставно намалување на основната главнина.

Поедноставено намалување на основната главнина може да се врши само заради израмнување на номиналниот износ на основната главнина со понискиот номинален износ на основната главнина што ќе настане како последица од покривањето на загубата на друштвото на товар на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши на поедноставен начин не се применуваат одредбите од членовите 445 и 447 на ЗТД.

Поедноставеното намалување на основната главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина. Во одлуката за намалување на основната главнина мора да се наведе дека целта за намалувањето на основната главнина е покривање на загубата и дополнување на законските резерви.

Основната главнина може да биде намалена на поедноставен начин само откако ќе биде потрошена нераспределената добивка и резервите на друштвото.

Износот добиен со намалување на основната главнина не смее да им се исплатува на акционерите и не смее да се користи за тоа акционерите да се ослободуваат од натамошните уплати на влогот врз основа на којшто ги презеле акциите.

## *4. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ АКЦИИ*

Намалувањето на основна главнина со повлекување акции може да се врши само ако тоа со закон и со статутот е изречно допуштено.

Повлекувањето на акциите се врши според одредбите од ЗТД со коишто се врши редовно намалување на основната главнина.*(член 450 ст.2)*

Собранието, во одлуката за намалување на основната главнина ги определува начинот на којшто ќе се спроведе повлекувањето на акциите, рокот, како и подробностите како тоа треба да се спроведе.

За исплата на надоместокот, на акционерите којшто им припаѓа во случај на присилно повлекување акции или кога акциите се стекнуваат за да бидат повлечени, како и за ослободување на акционерите од обврската за уплата на преземениот влог, на соодветен начин, се применуваат одредбите од членот 445 на ЗТД.

Не се постапува според член 450 ст.2 од ЗТД ако акциите за коишто во целост е уплатен номиналниот или поголемиот износ за којшто се издадени:

- ✓ бесплатно се дадени на располагање на друштвото и
- ✓ се повлечени на товар на добивката или на другите резерви ако тие можат да се користат за тоа *(член 450 ст.5).*

Во наведените случаеви, во капиталната добивка се внесува износот којшто одговара на износот на основната главнина којшто отпаѓа на повлечените акции.

Тие средства, освен во случаите на намалување на основната главнина, не смеат да им се исплаќаат на акционерите.

Намалувањето на основната главнина, во согласност со член 450 ст.5 од ЗТД, се врши со одлука за намалување на основната главнина којашто собранието ја донесува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се бара исполнување на други услови. Во одлуката се определува целта на намалувањето на основната главнина.

Ако присилното повлекување на акциите е определено во статутот, не е потребно собранието да донесува одлука за намалување на основната главнина со повлекување акции. Во тој случај, органот на управување е овластен да ја донесе одлуката за повлекување на акциите.

Одлуката за намалување на основната главнина со повлекување акции се запишува во трговскиот регистар.

### *5. УПИС НА ИЗВРШЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА*

Во рок од осум дена од денот по извршеното намалување на основната главнина се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар.

Основната главнина се намалува за вкупното намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови акции, односно за вкупниот намален номинален износ на споените акции од еден или од повеќе родови акции или за вкупниот номинален износ на повлечените акции.

Основната главнина е намалена со уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар.

**Прилог:** *Пример за Одлука за намалување на основна главнина на АД со повлекување сопствени акции*

Врз основа на членовите 443, 444, 445 и 450, на предлогот на Одборот на директори усвоен на седницата одржана на _____________ година и членот __ од Статутот на ___________ АД Скопје, Собранието акционери на Друштвото на седницата одржана на _____________ година усвои

**О Д Л У К А**

**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ СОПСТВЕНИ АКЦИИ**

Член 1

Со оваа Одлука за намалување на основната главнина со повлекување на сопствени акции (во натамошниот текст: Одлука) се врши намалување на номиналниот износ на основната главнина сразмерно на повлечените сопствени обични акции во сопственост на ______________АД Скопје (натамошниот текст: Друштво), стекнати согласно Законот и Статутот на ________АД Скопје.

Намалувањето на основната главнина се спроведува согласно членовите 443, 444, 445 и 450 од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото.

Член 2

Намалувањето на основната главнина се врши заради изедначување на правото на глас со бројот на акции коишто ја сочинуваат основната главнина на друштвото и вкупниот број на издадени обични акции.

Член 3

Основната главнина на Друштвото, запишана во трговскиот регистар во износ од _________________ денари се намалува за износот од _______________ денари.

Основната главнина се намалува со повлекување на ___________ сопствени обични акции на Друштвото со номинална вредност од _____ ЕУР по една акција.

Основната главнина на друштвото се намалува за номинален износ на повлечените сопствени акции согласно ставот 2 од овој член.

Основната главнина на Друштвото по намалувањето изнесува __________________ .денари поделена на _________ обични акции.

Член 4

Повлекувањето на сопствените акции, ќе се спроведе со поништување на повлечените акции согласно членот 2 од оваа Одлука.

Член 5

Со повлекување на сопствените акции не се врши враќање на делот од намалената основна главнина на акционерите.

Член 6

По намалувањето на номиналниот износ на основната главнина со повлекување на сопствените акции согласно член 2 од оваа Одлука и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, повлечените акции се поништуваат.

Член 7

Се задолжува претседателот на одборот на директори да изврши предбележба на оваа Одлука во трговскиот регистар со пријава за упис кон која се приложуваат оваа Одлука и изводот од записникот од седницата на собранието на којашто оваа Одлука е донесена, заверен од нотар.

Член 8

Се задолжува претседателот на Одборот на директори, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар да ја објави намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото треба да објави дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето.

Се задолжува претседателот на одборот на директори во рокот определен во став 1 од овој член да ги извести познатите доверителите чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

Член 9

Во рок од осум дена од денот по извршеното намалување на основната главнина се задолжува Одборот на директори на Друштвото да поднесе пријава за упис на оваа Одлука во трговскиот регистар при ЦР на РМ .

Основната главнина ќе се смета за намалена со уписот на оваа Одлука во трговскиот регистар.

Член 10

По извршеното намалување на основната главнина се задолжува Одборот на директори на друштвото да достави до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина со оваа Одлука така што да се запише намалувањето на бројот на акциите заради повлечените сопствените акции.

Член 11

Оваа Одлука се смета за донесена ако собранието на друштвото ја усвои со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на нејзино усвојување.

Собрание на акционери на __________ АД Скопје

Председавач

______________

# СМЕТКОВОДСТВО

## РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020 ГОДИНА

***Редакциски Текст***

***Потребни за израобтка на полугодишни финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2020 година.***

***ВОВЕД***

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 19/04; .... 6/16; 30/16; 61/16; 64/18; 120/18), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување.

Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите на овој закон во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи соодветно се применуваат и на правните лица со седиште во Република Македонија што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со ЗТД и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

**Годишните Финансиските извештаи вклучуваат:**

- Извештај за финансиска состојба - Биланс на состојба;
- Извештај за севкупна добивка - Биланс на успех;
- Извештај за промените во главнината;
- Извештај за паричните текови;
- Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени *(присоединување, спојување, поделба)*, ликвидација, стечај и во други случаи определени со закон**.

За таа цел при изработка на годишната сметка за година или за пократок период, деловните субјекти користат одрдени работни податоци, кои претставуваат одредени мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

Во продолжение се презентирани сите неопходни податоци и информации за работењето во сметководство-то и изготвувањето на финансиските извештаи.

# I. П Л А Т И

## *1. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2020 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:*

**38.319,00 денари.**

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2020 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:*

**19.160,00 денари (50 % од 38.319,00)**

## *3.НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2020 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ"142/08……35/18; 247/18), највисока месечна основица за прес-метување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот од **(16) шеснаесет просечни плати,** кој износ за 2020 година изнесува:

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на Управен одбор во трговско друштво, односно Управител во трговско друштво, е износот од **(16) шеснаесет просечни плати**.

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

### *3.1. Највисока основица за самовработено лице*

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од **(12) дванаесет просечни плати.**

**459.828,00 денари (12x 38.319,00 денари).**

### *3.2. Највисока основица за корисник на паричен надоместок за време на невработеност*

**80% од просечната плата** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари х 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, **која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.**

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, а се пресметува данок на доход.**

### *4. ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА*

**8.228,00 денари (на Месечно ниво) и**

**98.736,00 денари (на Годишно ниво)**

### *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА за 2020 година*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17), висината на минималната плата во Република Македонија **до 01.01. до 30.06.2020 година изнесува:**

- **14.500,00 денари НЕТО износ;**
- **17.943,00 денари БРУТО износ.**

## *6. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

| ***ВО МЕСЕЦОТ*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Период*** | | ***Просечна исплатена месечна нето плата*** | ***Соопштение на ДЗС*** | |
| | | | ***Број*** | ***Дата*** |
| **НОЕМВРИ** | **2019** | 25.787,00 | 4.1.20.08 | 22.01.2020 |
| **ДЕКЕМВРИ** | **2019** | 26.836,00 | 4.1.20.17 | 20.02.2020 |
| **ЈАНУАРИ** | **2020** | 27.540,00 | 4.1.20.27 | 20.03.2020 |
| **ФЕВРУАРИ** | **2020** | 27.206,00 | 4.1.20.38 | 21.04.2020 |
| **МАРТ** | **2020** | 26.422,00 | 4.1.20.47 | 21.05.2020 |
| **АПРИЛ** | **2020** | 25.830,00 | 4.1.20.57 | 22.06.2020 |

### *6.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ ("Службен весник на РМ" (70/94..........170/13; 139/14, 147/15), ***работодавачот може да врши исплата на следните надоместоци:***

- **ИСПРАТНИНАТА ПРИ ОДЕЊЕ ВО ПЕНЗИЈА** се исплатува во висина најмногу до двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во РМ.

- **РЕГРЕС ЗА ГОДИшЕН ОДМОР** се исплатува во висина најмногу до 60% од просечната месечна нето плата по работник во РМ.

- **ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА** се исплатува во висина од просечната месечна нето плата по работник во РМ (***јубилејните награди се оданочуваат со 10 %).***

## Табеларен преглед на надоместоците

| ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДРУШТВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Период* | *Испратница при одење во пензија* | *Регрес за годишен одмор* | *Јубилејна награда* | *Соопштение на ДЗС* | *Дата* |
| **НОЕМВРИ 2019** | 51.574,00 | 15.472,00 | 25.787,00 | 4.1.20.08 | 22.01.2020 |
| **ДЕКЕМВРИ 2019** | 53.672,00 | 16.102,00 | 26.836,00 | 4.1.20.17 | 20.02.2020 |
| **ЈАНУАРИ 2020** | 55.080,00 | 16.524,00 | 27.540,00 | 4.1.20.27 | 20.03.2020 |
| **ФЕВРУАРИ 2020** | 54.412,00 | 16.324,00 | 27.206,00 | 4.1.20.38 | 21.04.2020 |
| **МАРТ 2020** | 52.844,00 | 15.853,00 | 26.422,00 | 4.1.20.47 | 21.05.2020 |
| **АПРИЛ 2020** | 51.660,00 | 15.498,00 | 25.830,00 | 4.1.20.57 | 22.06.2020 |

## *7. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ*

| ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **Септември/Окт/Ноември 2019** | 25.650,00 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **Октомври/Ное./Декем. 2019** | 26.115,00 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **Ноември/Дек/Јануари 19/2020** | 26.718,00 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **Декември/Јан/Февр. 19/2020** | 27.194,00 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **Јануар/Февруар/Март 2020** | 27.055,00 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **Февруар/Март/Април 2020** | 26.490,00 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

### *7.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 35 од Општиот колективен догвор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12;189/13; (115/14 п.т.); 119/15; 150/16, работникот **има право на надомест на трошоците поврзани со работата**, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

- **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА** во висина од 8% од основицата;
- **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУжБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО,** согласно колективен договор на ниво на работо-давач, но не помалку од Уредбата за издатоците за сл-ужбен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци („Службен весник на РМ" 50/00; 64/01; 110/08; 82/10; 12/12; 5/13; 1/14; 90/14);
- **ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК** во зависност од обезбедените услови за работа на терен (***сместување, исхрана и слично***), во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач;
- **НАДОМЕСТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО,** во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач, ***но не помалку од 60%*** од основицата, надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште;
- **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СО-ПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА ПОТРЕБИ НА РАБОТОДАВАЧОТ ВО ВИСИНА ОД 30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој поминат километар;
- **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ПРИ СЕЛИДБА** за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци;
- **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОРВО ВИСИНА ОД НА-ЈМАЛКУ 40%** од основицата, **под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.** Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор. **Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината.** Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата. **Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето**, ценејќи ја економско финансискатасостојба на работодавачот,по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезента-

тивната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со овој колективен договор. Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК** на неговото семејство се исплатува надоместок во висина од три основици;
- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА СОПРУГ, СОПРУГА, ДЕЦА И РОДИТЕЛИ КОИ ЖИВЕАТ ВО ИСТА СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА,** на работникот му се исплатува надоместок во висина од две основици;
- **ЗА ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА во висина на основицата** – за најмалку 10 години работа кај ист работодавач;
- **ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ ВО ПЕНЗИЈА,** најмалку двократен износ од основицата.

**НАПОМЕНА: Основица за пресметување на надоместоците пртставува Просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци**.

## Табеларен преглед на надоместоците ЗА ПРИВАТНИ ДРУШТВА

| *Период* | *Дневни ца* | *Одвоен живот* | *Јубилени награди* | *Отпремни на при одење во пензија* | *Смрт на работник* | *Смрт на член на семејство* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 2.052,00 | 15.390,00 | 25.650,00 | 51.300,00 | 76.950,00 | 51.300,00 |
| **ФЕВРУАР** | 2.089,00 | 15.669,00 | 26.115,00 | 52.230,00 | 78.345,00 | 52.230,00 |
| **МАРТ** | 2.137,00 | 16.031,00 | 26.718,00 | 53.436,00 | 80.154,00 | 53.436,00 |
| **АПРИЛ** | 2.176,00 | 16.316,00 | 27.194,00 | 54.388,00 | 81.582,00 | 54.388,00 |
| **МАЈ** | 2.164,00 | 16.233,00 | 27.055,00 | 54.110,00 | 81.165,00 | 54.110,00 |
| **ЈУНИ** | 2.119,00 | 15.894,00 | 26.490,00 | 52.980,00 | 79.470,00 | 52.980,00 |

| *Период* | *Регрес за годисен одмор (најнизок износ)* | *Регрес за годисен одмор (највисок износ)* | *Даночно признат расход* | *Боледување подолго од 6 месци* | *Надомест од елементарна непогода* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *40% од* | | |
| **ЈАНУАРИ** | 10.260,00 | 25.650,00 | 15.328,00 | 25.650,00 | 25.650,00 |
| **ФЕВРУАРИ** | 10.446,00 | 26.115,00 | 15.973,00 | 26.115,00 | 26.115,00 |
| **МАРТ** | 10.687,00 | 26.718,00 | 16.435,00 | 26.718,00 | 26.718,00 |
| **АПРИЛ** | 10.878,00 | 27.194,00 | 16.235,00 | 27.194,00 | 27.194,00 |
| **МАЈ** | 10.822,00 | 27.055,00 | 16.233,00 | 27.055,00 | 27.055,00 |
| **ЈУНИ** | 10.596,00 | 26.490,00 | 15.427,00 | 26.490,00 | 26.490,00 |

## 8. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН

| *Период* | | *Просечна исплатена месечна бруто плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Број* | *Дата* |
| **НОЕМВРИ** | **2019** | 38.319,00 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **ДЕКЕМВРИ** | **2019** | 39.932,00 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **ЈАНУАРИ** | **2020** | 41.087,00 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **ФЕВРУАРИ** | **2020** | 40.588,00 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **МАРТ** | **2020** | 39.437,00 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **АПРИЛ** | **2020** | 38.567,00 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

## 9. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА ТРИ МЕСЕЦИ

| *Период* | | *Просечна исплатена бруто плата за три месеци* | *Соопштение на ДЗС* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Број* | *Дата* |
| **Септември/Окт/Ноември** | **2019** | 38.115,00 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **Октомври/Ное./Декември** | **2019** | 38.823,00 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **Ноември/Дек/Јануари** | **19/20** | 39.775,00 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **Декември/Јан/Февруари** | **19/20** | 40.536,00 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **Јануар/Февруар/Март** | **2020** | 40.369,00 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **Февруар/Март/Април** | **2020** | 39.537,00 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

## *10. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА КАЈ БУЏЕТИТЕ И ФОНДОВИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТИТЕ И ФОНДОВИ ЗА 2020 ГОДИНА*

Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РМ за 2020 година ("Службен весник на РМ" 265/19), на Буџетските корисници за 2020 година, им се исплатуваат следните надоместоци:

- **НАДОМЕСТОК НА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО (*во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во РМ во претходните три месеци*).** Надоместокот за одвоен живот не им припаѓа на лицата доколку местото на живеење е одалечено помалку од 100 км од местото на работење.
- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК** ( на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од **30.000,00 денари** ослободен од персонален данок).
- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА ПОТЕСНО СЕМЕЈСТВО** родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци,посвоени деца, деца земени на издржување, доколку живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина од **15.000,00 денари** по семејство (ослободен од данок на доход).
- **ВО СЛУЧчАЈ НА ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА,** му се исплатува двократен износ за отпремнина, пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.
- **БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД ШЕСТ МЕСЕЦИ** (во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен).
- **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ,** до и од местото на волонтирањето се исплатува најмногу до 15% од просечна месечна плата во Републиката исплатена за претходната година

**(37.446 х 15% = 5.617,00 денари).**

## Табеларен преглед на надоместоците

| *Период* | *Одвоен живот* | *Помош за смрт на ра-ботник* | *Помош за смрт на член на семејство* | *Отпрем-нина за пензија* | *Боледување подолго од 6 месеци* | *Надомест за волон-тери* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | **7.695,00** | **30.000,00** | **15.000,00** | **51.574,00** | **Последна исплатена нето плата на работник** | **5.617.00** |
| **ФЕВРУАРИ** | **7.834,00** | | | **52.230,00** | | |
| **МАРТ** | **8.015,00** | | | **55.080,00** | | |
| **АПРИЛ** | **8.158,00** | | | **54.412,00** | | |
| **МАЈ** | **8.117,00** | | | **52.844,00** | | |
| **ЈУНИ** | **7.947,00** | | | **52.980,00** | | |

### *11. НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ*
***(за период ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2020година)***

| **ДАТА НА ВАЖНОСТ** | **ЦЕНИ НА ГОРИВО** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Еуро супер БС - 95** | **Еуро супер БС - 98** | **Еуро дизел БС (Д-Е V)** | **Масло за горење (ЕЛ – 1)** | **Мазут М-1/НС** | **Службен весник** |
| 09.01.2020 | 68,00 | 70,00 | 62,50 | 51,50 | 38,548 | 3/2020 |
| 14.01.2020 | 68,00 | 70,00 | 62,50 | 51,50 | 40,424 | 7/2020 |
| 21.01.2020 | 68,00 | 70,00 | 61,00 | 50,00 | 37,885 | 14/2020 |
| 28.01.2020 | 67,50 | 69,50 | 60,00 | 49,00 | 36,395 | 18/2020 |
| 04.02.2020 | 66,00 | 68,50 | 58,00 | 47,50 | 34,922 | 23/2020 |
| 10.02.2020 | 65,50 | 67,50 | 57,50 | 46,00 | 32,894 | 31/2020 |
| 18.02.2020 | 66,00 | 68,00 | 58,00 | 46,50 | 33,140 | 44/2020 |
| 25.02.2020 | 67,00 | 69,00 | 58,50 | 47,50 | 33,565 | 50/2020 |
| 03.03.2020 | 64,00 | 66,00 | 56,00 | 45,00 | 30,390 | 54/2020 |
| 10.03.2020 | 62,00 | 64,00 | 54,50 | 43,50 | 28,895 | 59/2020 |
| 17.03.2020 | 54,50 | 56,50 | 48,50 | 37,50 | 21,934 | 65/2020 |
| 24.03.2020 | 49,50 | 52,00 | 45,50 | 34,50 | 17,738 | 73/2020 |
| 31.03.2020 | 48,50 | 50,50 | 46,00 | 36,00 | 18,891 | 83/2020 |
| 07.04.2020 | 48,00 | 50,00 | 45,00 | 33,50 | 17,970 | 91/2020 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14.04.2020 | 48,50 | 50,50 | 45,00 | 33,00 | 20,106 | 99/2020 |
| 22.04.2020 | 52,00 | 54,00 | 46,50 | 34,00 | 19,123 | 106/2020 |
| 28.04.2020 | 49,50 | 52,00 | 42,50 | 30,50 | 16,945 | 109/2020 |
| 05.05.2020 | 50,50 | 52,50 | 42,00 | 31,00 | 16,144 | 115/2020 |
| 12.05.2020 | 54,00 | 56,00 | 45,50 | 33,50 | 18,169 | 121/2020 |
| 19.05.2020 | 54,50 | 57,00 | 47,00 | 35,00 | 19,498 | 128/2020 |
| 27.05.2020 | 57,50 | 59,50 | 49,50 | 37,50 | 23,427 | 135/2020 |
| 06.06.2020 | 57,00 | 59,00 | 49,00 | 37,50 | 23,260 | 143/2020 |
| 09.06.2020 | 58,00 | 60,50 | 50,00 | 39,00 | 24,613 | 150/2020 |
| 23.06.2020 | 60,50 | 62,50 | 52,00 | 51,50 | 25,396 | 167/2020 |
| 30.06.2020 | 61,00 | 63,00 | 52,50 | 52,00 | 25,824 | 173/2020 |

## II. КОЕФИЦИЕНТИ

### 1. *КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПОРСТ НА ЦЕНИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ (период ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020)*

| *Месец* | *Мсечен коефициент* | *Кулативен коефициент* | *Ист месец претх.год.* |
|---|---|---|---|
| *ЈАНУАРИ* | *0,005* | *0,005* | *0,012* |
| *ФЕВРУАРИ* | *-0,005* | *0,000* | *0,000* |
| *МАРТ* | *0,001* | *0,001* | *-0,001* |
| *АПРИЛ* | *0,011* | *0,011* | *0,007* |
| *МАЈ* | *-0,003* | *0,008* | *0,002* |
| *ЈУНИ* | *0,001* | *0,009* | *0,002* |

### 2. *КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПОРСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО (период ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020)*

| *Месец* | *месечен коефициент* | *кумулативен коефициент* | *ист месец претходна година* |
|---|---|---|---|
| *ЈАНУАРИ* | *0,001* | *0,001* | *0,006* |
| *ФЕВРУАРИ* | *-0,003* | *-0,001* | *0,005* |
| *МАРТ* | *-0,002* | *-0,003* | *0,003* |
| *АПРИЛ* | *-0,005* | *-0,008* | *-0,013* |
| *МАЈ* | *0,004* | *-0,004* | *-0,013* |
| *ЈУНИ* | *0,008* | *0,004* | *0,002* |

## 3. *КУМУЛАТИВЕН ПОРСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО (МДБ) (период ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020)*

| *Месец* | *МДБ* | *Службен весник* |
|---|---|---|
| *ЈАНУАРИ* | *0,0%* | *47/2020* |
| *ФЕВРУАРИ* | *-0,1%* | *61/2020* |
| *МАРТ* | *-0,2%* | *96/2020* |
| *АПРИЛ* | *-0,4%* | *122/2020* |
| *МАЈ* | *-0,4%* | *155/2020* |
| *ЈУНИ* | *-0,3%* | *182/2020* |

## *4. ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ (период ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020)*

| *Месец* | | *Трошоци на живот* | *Право на пораст* | *Службен весник* |
|---|---|---|---|---|
| *Јануари/Декември* | *20/19* | *0,1%* | *0,05%* | *50/2020* |
| *Февруари/Јануари* | *2020* | *0,1%* | *0,05%* | *68/2020* |
| *Март/Февруари* | *2020* | *0,2%* | *0,10%* | *107/2020* |
| *Април/Март* | *2020* | *0,1%* | *0,05%* | *143/2020* |
| *Мај/Април* | *2020* | *0,4%* | *0,20%* | *158/2020* |
| *Јуни/Мај* | *2020* | *0,8%* | *0,40%* | *184/2020* |

## *III. РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА*

1. Согласно член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ” 18/01; 4/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09) и точка 3 од Одлуката за референтна каматна стапка за пресметување на стап-ката на казнена камата („Службен весник на РМ” 139/08; 13/10) Народна банка на Република Македонија ја објави референтната каматна стапка за пресметување на стапка на казнена камата.

### *ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА (ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2020 година)*

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10) | 4=(2+8) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | 8562 30.12 2009 | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12 2010 | 5% | 15% | 13% | 4474 30.06 2010 | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06 2011 | 4% | 14% | 12% | 2521 29.12 2010 | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12 2011 | 4% | 14% | 12% | 5978 30.06 2011 | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06 2012 | 4% | 13,75% | 12% | 9901 28.12 2011 | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 5631 29.06 2012 | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 10257 31.12.2012 | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | 23009 28.06.2013 | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 40842 31.12.2013 | 0,216% | 10,216% | 8,216% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 21389 25.06.2014 | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 40009 29.12.2014 | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 22941 29.06.2015 | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 41260 29.12.2015 | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12 2016 | 4% | 14% | 12% | 21125 27.06.2016 | -0,205% | 9,795% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 38458 30.12.2016 | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 21905 29.06.2017 | -0,372% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 39714 26.12.2017 | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | 22066 27.06.2018 | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | 40459 26.12.2018 | --0,364% | 9,612% | 7,612% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | 21235 26.06.2019 | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| **01.01-02.04 2020** | **2,25%** | **12,25%** | **10,25%** | 21235 26.06.2019 | **-0,438** | **9,562%** | **7,562%** |
| **03.04-30.04. 2020(вонредна содотојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | 11011 03.04.2020 | **-0,423%** | **4,577%** | **3,577%** |
| **01.05. 31.05 2020(вонредна содотојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | 12262 29.04.2020 | **-0,460%** | **4,54%** | **3,54%** |
| **01.06.30.06. 2020(вонредна содотојба)** | **1,50%** | **6,55%** | **5,5%** | 14004 29.05.2020 | **-0,482%** | **4,518%** | **3,518%** |
| **01.07. 31.12 2020** | **1,50%** | **11,50%** | **9,5%** | 15997 30.06.2020 | **-0,51%** | **9,49%** | **7,49%** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА МДБ

### Коефициент на МДБ за месец ЈУНИ/2020 (-0,3%)
*(„Службен весник на РСМ” 182/2020)*

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија” 112/2014...232/19; 275/19; ), Државниот Заводот за статистика го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ ЈУНИ / 2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| 1. | Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот ***ЈУНИ/2020 година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | *-0,3%* |
| 2. | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок од добивка за месец ***ЈУНИ/2020 година*** изнесува: | *-0,3%* |

Бидејќи нема пораст на коефициент на МДБ за месец ***ЈУНИ/2020 година***, Месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** од годишниот данок утврден во Даночниот биланс за 2019 година (**АОП 56**).

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ/2020 ГОДИНА

*Месечен коефициент за ЈУНИ/2020 (0,001) .*
*Кумулативен коефициент од I до VI/2020 (0,009).*

### *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефи-циент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на Индустриски производи во ***ЈУНИ/2020*** година во однос на ***МАЈ/2020*** година | ***0,001*** |
| **2.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***ЈУНИ/2020*** година; | ***0,009*** |
| **3.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи ***во ЈУНИ/2020*** година во однос на истиот месец претходната година. | ***0,002*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на порастот на цените на мало во ***ЈУНИ/2020*** година, во однос на ***МАЈ/2020*** година | ***0,008*** |
| 2. | Коефициентот на порастот на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***ЈУНИ/2020*** година | ***0,004*** |
| 3. | Коефициентот на порастот на цените на мало ***ЈУНИ/2020*** година во однос на истиот месец претходната го-дина | ***(-0,002)*** |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на трошоците на животот во ***ЈУНИ/2020*** година во однос на ***МАЈ/2020*** година | ***0,008*** |
| 2. | Коефициентот на порастот на трошоците на животот во Република Македонија во периодот од почетокот на годината до крајот *на* ***ЈУНИ/2020*** годи-на, во однос на просекот на трошоците на животот во ***2019*** година | ***0,006*** |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно ослободување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 20.07.2020* | *2.097,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08.....................171/17; 35/18; 247/18), **Основица** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2020* година, изнесува:**

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Републи-ка Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стап-ка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈУЛИ/2020 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***ЈУЛИ/2020 година***, по вработен | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***ЈУЛИ/2020 година***, по вработен | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***ЈУЛИ/2020 година,*** по вработен | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

### *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минима-лната плата во Република Македонија ***од 01.07/2020 до 31.03.2021 ке изнесува:***

**- 14.934,<u>00 денари НЕТО износ;</u>**

**- 21.776<u>,00 денари БРУТО износ</u>**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа::

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2020 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.228,00*** |
| ***Годишно*** | ***98.736,00 (8.228 x 12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***МАЈ/2020*** год. во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година ***се ПОВИСОКИ за (0,4%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***МАЈ/2020*** во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година, ***изнесува (0,20%).***

## 7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец ***(ЈУЛИ) 2020*** година, изнесуваат: ***184 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(V) ЈУЛИ/2020 година*** изнесува:

***26.390,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.65 од 20.07.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од** ***26.390,00 денари:***

**За ОПШТЕСЕТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| 1. **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>**(60% од основицата )**<br>***15.834,00 денари (26.390,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| 2. **ОТПРЕМНИНАТА при заминување на работник во пензија**<br>**(двократен износ од основицата**<br>***52.780,00 денари (2 x 26.390,00):***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 52.780,00 денари*** |
| 3. **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО:**<br>***(60% од основицата)***<br>***15.834,00 денари (26.390,00 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 15.834,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(VI) ЈУЛИ/2020 година***, изнесува:

***39.398,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.65 од 20.07.2020).***

### *8.2. Надоместоци од плата за приватен сектор*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(III-IV-V/2020 година) ЈУЛИ/2020 година*** изнесува:

***26.217,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.66 од 20.07.2020).***

Износот ***26.217,00 денари*** претставува **ОСНОВИЦА** за пресметување на следните надоместоци **за ПРИВАТНИ правни лица**

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

**1. Регрес за годишен одмор** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУЛИ/2020 година изнесува:***

***10.487,00 денари во нето износ***

***(26.217,00 x 40%)***

- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУЛИ/2020 година во висина на основицата:***

***26.217,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)

*15.759,00 денари*-**БРУТО износ** *(39.398 x 40%)*

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата (*2 x 26.217)***

***52.434,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.434,00 ден.**

3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**

*26.217,00 денари*

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата - 60% од** ***26.217,00)***

*15.730,00 денари*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 15.730,00 ден.**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата (8% од** ***26.217,00)*)**

*2.097,00 денари* **(**

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.097,00 ден.**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други ви-дови средби организиарани во странство на мултил-атерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник (во висина од три основици** ***3 x 26.217,00)***

***78.651,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 78.651,00 ден.**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство (во висина од две основици** ***2 x 26.217,00 денари)***

***52.434,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.434,00 ден.**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди** (во висина на основицата)

***26.217,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 26.217,00**

11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар.

**Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.**

| |
|---|
| 12. **Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот** (во висина на стварни трошоци) |
| **Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |

| |
|---|
| 13. **Трошок за организирана исхрана за 2020** (во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година ***25.213,00 x 20%)*** |
| ***5.043,00 денари*** |
| **Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00** |

| |
|---|
| 14. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци** |
| Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (**во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(III-IV-V/2020 год.) – ЈУЛИ/ 2020 година изнесува:***

***39.138,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.65 од 20.07.2020).***

***8.3. Најниска основица за придонеси за самовработени лица во 2020 година***

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност** (таксисти, занаетчии) ***19.160,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) ***38.319,00 денари*** |

3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) **до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**

***19.160,00 денари***

### *8.4. Највисока оснвица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

1. ***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати. (12 x 38.319,00 денари)***

***459.828,00 денари).***

### *8.5. Највисок износ на надомест за боледување што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

1. Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17;276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година** ***(4 x 25.213,00 денари).***

***100.852,00 денари***

### *8.6 Највисок износ на пензија за 2020 ГОДИНАе*

1. Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година изнесува:

***49.811,00 денари***

## *8.7.Рефундирање на средствата за уплатени придонеси за инвалидни лица*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице , МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУЛИ/2020 година*** изнесува(***2 x 25.830,00 денари)***

***51.660,00 денари .***

## *8.8. Месечен надоместок на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната 2019 година во РМ во висина од:

***18.723,00 денари***

***(50% од 37.446,00 денари)***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

## *8.9.Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен прнзиски фонд*

1. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни бруто плати исплатени во претходната година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат:

**(*2 x 37.446,00*)**

***74.892,00 денари***

### *8.10. Надомест од плата за ЈАВЕН сектор*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година (“Службен весник на РМ” 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| 1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна Месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)** <br> ***(30% x 26.217,00)*** <br> ***7.865,00 денари*** <br> ***(*Ослободен од Данок на личен доход до 7.865,00 денари** |
| 2. **Помош во случај на смрт на работник** <br> ***30.000,00 денари*** <br> **Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари** |
| 3. **Помош во случај на смрт на член на семејство** <br> ***15.000,00 денари*** <br> **Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари** |
| 4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година** <br> **НЕ Е ПРОПИШАНА)** |
| 5. **Дневници за службени патувања во земјата** <br> **(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година НЕ СЕ ПРОПИШАНИ)** |
| 7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):** ***(2 x 26.390,00)*** <br> ***52.780,00 денари*** <br> **Ослободен од Данок на личен доход до 52.780,00 денареи** |

| |
|---|
| 8. **Регрес за годишен одмор** <br> **(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година,НЕ Е ПРОПИШАН).** |
| 9. **Новогодишен надоместок** <br> **(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).** |

| |
|---|
| 10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци**<br>Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (**во органот каде што е вработен).**<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |
| 11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот** (во висина на стварни направени трошоци).<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |
| 12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за ЈУЛИ/*2020*** (во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година): ***(37.446,00 x 15%)***<br>***5.617,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари*** |
| 13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година.**<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 276/2019), вредноста на бодот за ***2020 година изнесува***:<br>***81,60 денари*** |

### *8.10 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ПРИВАТЕН сектор*

| |
|---|
| Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приват-ен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:* |

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** претставува просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.11 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

